**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | **Закон за измена и дополнување на Закон за безбедност и здравје при работа** |
| Министерство: | **Министерство за труд и социјална политика** |
| Лице за контакт/одговорно лице: | **Агим Шаќири** |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | **30.09.2010 година** |
| Поврзаност со ЕУ директиви | **Во Законот за безбедност и здравје при работа Службен весник на Република Македонија, бр. 92/2007 целосно е транспонирана Директивата на Советот 89/391/EEC од 12 јуни, 1989 година за воведување мерки за поттикнување на подобрувањето на безбедноста и здравјето на работниците на работа** |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

**<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>**

1. **Кои се главните проблеми?**

   Одредени недостатоци во целосно спроведување на законот.

2. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

   Опција 1: Не прави ништо.
   Опција 2: Допрецизирање на одредени одредби во законот и отстранување на одредени технички грешки со цел за потполна и непречена примена на Законот.

3. **Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

   Социјалните партнери

Здруженија на граѓани

**Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата**

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

   Информации објавени во Извештајот за работата на Државниот инспекторат за труд (годишни, месечни и периодични извештаи), каде е опфатен бројот на надзори, интервенции, решенија, укажувања кои се однесуваат на повреди на работа, професионални болести и потешки, односно повреди со смртни последици).

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

   Информации за повреди, професионални болести и смртни случаи од Институтот за јавно здравство, Институтот за медицина на трудот, Министерство за внатрешни работи и здруженија на граѓани.

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

   Ќе се спроведе иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

   Ќе се формира работна група составена од претставници од Генерален секретаријат при Владата на Република Македонија, Секретаријат за законодавство, социјалните партнери, Институт за јавно здравство, Институт за медицина на трудот и Македонско здружение за заштита при работа.
   Работната група ќе ја води и координира Државниот инспекторат за труд. На првата средба на формираната работна група ќе биде прецизно утврден начинот на работа со распоред на активности кои треба да се преземат, временските рокови и конкретните датуми на средби.

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

**В. Временска рамка**

1. **Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?**

   Активностите за РИА ќе почнат во април 2010 со формирање на работна група.

2. **Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**

   Не се планира вклучување на надворешни консултанти.

3. **Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?**

   Август 2010 година.

**Г. Ресурси**

1. **Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?**

   За спроведување на РИА-та ќе бидат вклучени претставници од Министерство за труд и социјална политика/Државен инспекторат за труд, претставници од надлежните органи на Република Македонија, претставници од социјалните партнери и претставници на Македонско здружение за заштита при работа.